**20261903046**

**МАКЕДОНСКА АКАДЕМСКА ИСТРАЖУВАЧКА МРЕЖА МАРНЕТ**

☐

Врз основа на член 10 став 1 алинеја 8 и 9 од Законот за основање на Македонска академска истражувачка мрежа („Службен весник на Република Македонија“ број 124/10, 47/2011, 41/2014 и 218/2024), Управниот одбор на МАРнет го донесува следниот

**ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ОРГАНИЗАЦИЈАТА И УПРАВУВАЊЕТО СО ВРВНИТЕ НАЦИОНАЛНИ ИНТЕРНЕТ-ДОМЕНИ**

Член 1

Во Правилникот за организацијата и управувањето со врвните национални интернет-домени (донесен на 25.11.2024 година), по членот 10 се додава нов член 10-а, кој гласи:

**„Електронски регистар на недозволени поими и знаци**

Член 10-а

(1) МАРнет во рамките на Централната база на податоци од член 10 од Законот за безбедност на мрежни и информациски системи, воспоставува и води Електронски регистар на недозволени поими и знаци кои не смеат да бидат дел од името на доменот согласно ограничувањата предвидени во членот 11 од овој Правилник, кој се води исклучиво во дигитална форма.

(2) Содржината, воведувањето на нови или бришењето на постоечки поими и знаци во Електронскиот регистар од ставот (1) на овој член се врши со посебна одлука донесена од страна на Управниот Одбор на МАРнет, а на предлог на Директорот на МАРнет.

(3) Со оглед на статусот на Регистраторите како суштински и важни субјекти согласно член 8 од Законот за безбедност на мрежни и информациски системи, истите се должни технички и системски да ги интегрираат своите системи со Електронскиот регистар од ставот (1) на овој член во рок од 90 (деведесет) дена од денот на стапување во сила на овој Правилник, при што размената на податоците задолжително се врши преку машински интерфејс (API).

(4) Системите на Регистраторите мора автоматски да ја оневозможат и одбијат секоја постапка за регистрација на домен кој содржи поим или знак внесен во Електронскиот регистар од ставот (1) на овој член.“

Член 2

Во членот 11, по ставот (3) се додава нов став (4), кој гласи:

„(4) По исклучок од ставот (2) на овој член, името на доменот .mk може да се состои и од најмалку 1 (еден) знак во случај кога доменот е веќе во сопственост на физички лица со живеалиште или престојувалиште во Република Северна Македонија пред 1 јануари 2026 година. При промена на регистрант на ваков домен, задолжително мора да бидат исполнети условите предвидени во членот 11 став (2) и членот 28 од овој Правилник.“

Член 3

Во Правилникот во членот 4 (Значење на изразите), точките 13 и 14 се менуваат и гласат:

„13. Административен контакт – е физичко лице или организационен сектор во државна институција, овластен од регистрантот во име и за сметка на регистрантот да ги добива и да ги доставува податоците за регистрираниот домен.

14. Технички контакт – е физичко лице или организационен сектор во државна институција, овластен од регистрантот во име и за сметка на регистрантот да ги добива и да ги доставува техничките податоци за регистрираниот домен поврзани со именските опслужувачи.“

По точката 17 се додава нова точка 18, која гласи:

„18. Државни институции – се органите на државната управа во Република Северна Македонија, установи и други организации утврдени со Уставот на Република Северна Македонија и со закон, како и јавни претпријатија, единици на локалната самоуправа и Градот Скопје.“

Член 4

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“. По стапувањето на сила на овој Правилник, на веб страната на МАРнет ќе биде изработен и објавен консолидиран текст на Правилникот за организацијата и управувањето со врвните национални интернет-домени.

Бр. 01-167/3
15 јуни 2026 година
Скопје

Управен одбор на МАРнет
Претседател,
проф. д-р **Иван Чорбев,** с.р.